Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина средина (Сл. Весник на РМ број 53/05 ,81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 I 99/18), член 137 од Законот за управување со отпад, (Сл. Весник на РМ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16, 63/16 I 31/20), член 225 од Законот за водите (Сл. Весник на РМ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) и член 53 од Законот за заштита од бучавата (Сл. Весник на РМ број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) а во врска со член 5 од Планот за вршење на надзор над законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2021 година број 18-1092/1, министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18-1092/2
16.02.2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# РЕШЕНИЕ

## за формирање на Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во Градот Скопје за 2021 година

1. Се формира Комисија за за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во Градот Скопје за 2021 година во следниот состав:

Претседатели на комисијата се :

-**Тања Пауновска**, Помошник раководител на Сектор за соработка со локалната самоуправа и управно надзорни работи.

-**Танја Кироска Филиќ**, Раководител на Одделение за соработка со локалната самоуправа

Членови се претставници од секторите, во областите во кои се прави надзорот:

*Сектор за соработка со локална самоуправа и управни и надзорни работи:*

-**Ивана Арсовска** – Помлад соработник за управна постапка во делот на увоз, извоз и транзит на отпад

*Сектор за животна средина:*

-**Александар Петковски**-Помошник раководител на Сектор за животна средина

-**Сашо Илиќ** - Раководител на одделение за бучава,

*Сектор за индустриско загадување и управување со ризик:*

**-Фатос Балиу-** Помошник раководител на за индустриско загадување и управување со ризик

**-Ирена Николовска-** Советник за интегрирано спречување и контрола на загадувањето

*Сектор за управување со отпад:*

**-Даниела Ристова-** Советник со посебни текови за отпад

**-Ислам Халити**, -Советник за увоз, извоз и транзит на отпад и за изработка на мислења и регистрација на правни лица кои поседуваат дозволи за собирање и транспорт на отпад како и за дозволи за третман/преработка и складирање на отпад

*Сектор за води:*

**-Мелита Гочевска-** Раководител на одделение за концесии и меѓуресорска соработка

**-Даниела Наумоска-** Советник за заштитни зони

-Во комисијата ќе членуваат и Државни инспектори за животна средина од Државниот инспекторат за животна средина по потреба и на барање на претседателот на комисијата.

2. Комисијата е должна во текот на 2021 година да изврши надзор на законитоста на работата на органите на општините и општините во Град Скопје кои се наведени во член 4 од Планот за вршење на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2021 година број 18-1092/1 од 16.02.2021 год.

3. Комисијата е должна да ги извести надлежните лица од општините, Град Скопје и општините во Град Скопје кои се предмет на надзор најмалку 15 дена пред извршување на надзорот.

4. Комисијата е должна да подготви извештај за секој извршен надзор на општините и општините во град Скопје и да го објави на веб страната на МЖСПП.

5. Комисијата е должна, за извршениот надзор да го извести министерот за животна средина и просторно планирање, државниот секретар, Министерството за локална самоуправа и ЗЕЛС.

6. Примерок од ова Решение да се достави до членовите на оваа комисија и архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање.

7. Комисијата од ова Решение има мандат од 4 (четири) години.

8. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

## Образложение

Врз основа на член 210 и 211 од Законот за животна средина, член 137 од Законот за управување со отпадот и член 225 од Законот за водите, Комисијата за надзор ке изготвува едногодишен План за надзор и прашалник и ќе ги идентификува областите за надзор, временската рамка за надзор, план за посета на единиците на локалната самоуправа и финансиските ресурси кои се потребни секоја година за спроведување на надзорот. Планот за надзор за 2021 година донесен од министерот за животна средина и просторно планирање, може по потреба да биде ревидиран во текот на годината.

Врз основа на член 5 од Планот за надзор, министерот го донесе ова решение за формирање комисија, како што е наведено во диспозитивот.

**Министер,**

Naser Nuredini

Изработил: Тања Кироска Филиќ
Согласен: Тања Пауновска